Врз основа на член 52 став 1 точка 3 од Законот за надзор на државната граница („Службен весник на Република Македонија" бр.71/06), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА БЕЏ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ КОИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАНИЧНИОТ ПРЕМИН ИЗВРШУВААТ СТОПАНСКА ДЕЈНОСТ, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА БЕЏОТ И НА ОБРАЗЕЦОТ НА БЕЏОТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот за издавање на беџ за вработените кои на подрачјето на граничниот премин извршуваат стопанска дејност, како и формата и содржината на образецот на барањето за издавање на беџот и на образецот на беџот.

Член 2

Издавање на беџ за вработените се врши врз основа на поднесено барање за издавање на беџ од страна на операторот и другите правни и физички лица кои на подрачјето на граничниот премин извршуваат стопанска дејност.

Барањето од став 1 на овој член се поднесува до полициската станица за гранична контрола на граничниот премин на кој се извршува стопанската дејност.

Член 3

Во случај на губење на беџот веднаш во писмена форма се известува полициската станица за гранична контрола на граничниот премин на кој се извршува стопанската дејност, од страна на операторот и другите правни и физички лица кои на подрачјето на граничниот премин извршуваат стопанска дејност.

Во случај на престанок на работниот однос на лице на кое му е издаден беџ, од страна на операторот и другите правни и физички лица кои на подрачјето на граничниот премин извршуваат стопанска дејност во писмена форма се известува полициската станица за гранична контрола на граничниот премин на кој се извршува стопанската дејност и се доставува беџот заради негово поништување.

Член 4

Барањето од член 2 на овој правилник операторот и другите правни и физички лица кои на подрачјето на граничниот премин извршуваат стопанска дејност го поднесуваат за своите вработени на образец-Барање за издавање на беџ (Образец број 1).

Во прилог на барањето од став 1 на овој член, операторот и другите правни и физички лица кои на подрачјето на граничниот премин извршуваат стопанска дејност доставуваат фотографија на вработениот со димензии 2,5 x 3 см не постара од шест месеци.

Образецот број 1 е составен дел на овој правилник.

Член 5

Образецот на барањето за издавање на беџот ги содржи следните податоци:

- назив и седиште на операторот и другите правни лица кои на подрачјето на граничниот премин извршуваат стопанска дејност;
- име и презиме и адреса на живеалиште или престојувалиште на физичките лица кои на подрачјето на граничниот премин извршуваат стопанска дејност;
- име и презиме, единствен матичен број на граѓанинот, имиња на родителите, дата и место на раѓање, државјанство, адреса на живеалиште или престојувалиште за вработениот;

- означување на дејноста која ќе се извршува;
- назив на граничниот премин за кој се поднесува барањето;
- место и датум на поднесување на барањето;
- потпис на вработениот и
- место за печат и потпис на барателот.

Член 6

Беџот за вработените, кој се издава од страна на Министерството за внатрешни работи, се изработува според образец со димензии 85 x 55 мм на пластична основа-картичка во бела боја, а податоците на него се испишани со црни букви. (Образец број 2).

Образецот од став 1 на овој член содржи податоци за називот на граничниот премин на кој се извршува стопанската дејност, назив на операторот и другите правни лица кои на подрачјето на граничниот премин извршуваат стопанска дејност, име и презиме на физичките лица кои на подрачјето на граничниот премин извршуваат стопанска дејност, име и презиме на лицето кое е носител на беџот, фотографија на лицето кое е носител на беџот во боја и сериски број на беџот.

Образецот број 2 е составен дел на овој правилник.

Член 7

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 01.04.2007 година.

Бр. 13.1-72488/1
25 декември 2006 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Гордана Јанкулоска,** с.р.

Образец бр. 1

______________________________________
Назив и седиште на операторот и другите правни лица

______________________________________
Име и презиме на физичкото лице

Број ______________

Датум ______________

## БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА БЕЦ

### 1. ПОДАТОЦИ ЗА ОПЕРАТОРОТ И ДРУГИТЕ ПРАВНИ ЛИЦА

______________________________________________________________
Назив на операторот и другите правни лица

______________________________________________________________
Седиште

### 2. ПОДАТОЦИ ЗА ФИЗИЧКИТЕ ЛИЦА

______________________________________________________________
Име и презиме

______________________________________________________________
Адреса на живеалиште или престојувалиште

### 3. ПОДАТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИОТ

ИМЕ И ПРЕЗИМЕ ___________________________, ЕДИНСТВЕН МАТИЧЕН БРОЈ НА ГРАЃАНИНОТ____________________, ТАТКО ____________, МАЈКА ______________, ДАТА НА РАЃАЊЕ ____________, МЕСТО НА РАЃАЊЕ _______________, ДРЖАВЈАНСТВО __________________, АДРЕСА НА ЖИВЕАЛИШТЕ ИЛИ ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕ _______________________________________________.

Врз основа на член 28 од Законот за надзор на државната граница бараме на нашиот вработен да му се издаде беџ за вршење на __________________ на граничниот премин__________________.

Во __________
Датум __________

Потпис на барателот

__________________

Потпис на вработениот

М.П.

______________

**Прилог:** Фотографија на вработениот

Образец бр.2

# БЕЏ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

______________________________

Назив на граничниот премин на кој се извршува стопанска дејност

______________________________

Назив на операторот и другите правни лица

______________________________

Име и презиме на физичките лица

______________________________

име и презиме на носител на беџ

фотографија
2,5 х 3 см

______________

сериски број